**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Факултет за драмски уметности**
**Бр. 0201-233/3**
**27.03.2020 година**
**Скопје**

Врз основа на член 73 од Статутот на Факултетот за драмски уметности Скопје во состав на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник бр. 455/2019), согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба донесена од Владата на Северна Македонија бр. 44-2447/1 од 23.03.2020 година, како и согласно Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489/2020), Деканатската управа на Факултетот на 3-тата on line седница одржана на 27.03.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за начинот на реализација на дејностите на Факултетот за драмски уметности во Скопје за време на вонредна состојба согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија

**Предмет на уредување**

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на реализација на дејностите на Факултетот за драмски уметности Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19, односно мерките на надлежните органи во вонредна и кризна состојба (во натамошниот текст: мерки).

**Средства за електронска комуникација**

Член 2

Средства за електронска комуникација, се средства кои обезбедуваат двонасочна комуникација при реализација на активности од дејностите на Факултетот без заедничко физичко присуство на учесниците во активноста.

Средства за електронска комуникација можат да бидат видеоконференциски платформи, електронска пошта и други системи за електронска размена на податоци.

Се определува вон. проф. м-р Владимир Павловски за координатор за спроведување на OFFICE 365 на Факултетот, заради унифицирање на on line наставата и одржување состаноци.

**Настава**

Член 3

Предавањата на Факултетот за драмски уметности во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот) продолжуваат да се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација, во зависност од природата на наставните содржини и од техничките можности.

Предметниот наставник ја утврдува соодветноста на примената на средствата за електронска комуникација за секој од своите предмети согласно природата на наставата и техничките можности на наставникот и на студентите за примена на електронски средства за комуникација.

За теоретските предмети наставата се одвива со примена на средства за електронска комуникација. Предметниот наставник води евиденција за содржините, како и за активностите и присуството на студентите, при што ги зема предвид техничките можности на студентите за примена на средства за електронска комуникација.

На практичните предмети, за кои нема можност да се изведува настава со примена на средства за електронска комуникација, предметниот професор комуницира со студентите по електронски пат со цел да им издаде насоки и задачи за нивна самостојна работа, во смисла на подготовки, читање литература, анализи и сл.

Во зависнот од траењето на вонредната состојба, за практичните предмети ќе се побара продолжување на семестарот или префрлање на предметот, односно на одредени обврски од предвидената наставна содржина за во нареден семестар. Барањето до Универзитетот ќе се состои во промена на термините во I know системот, за да може непречено да се реализираат сите обврски околу заверка и уписи на семестарот.

Другите активности кои ја сочинуваат наставата, како и воннаставните активности на Факултетот се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација, доколку тоа го дозволува природата на тој вид активност, за што одлука донесува Деканатската управа на Факултетот.

**Начин на одвивање на наставата со примена на средства за електронска комуникација**

**Член 4**

Доколку постојат услови за одржување настава со примена на електронски средства за комуникација, предметниот наставник ја утврдува формата на наставата на далечина за секој од своите предмети, како и видот на електронските средства кои ќе се применат.

Предметниот наставник пред отпочнувањето на наставата го информира продеканот за настава за начинот на изведување на наставата, начинот на водење евиденција за присутност на студентите, условите за добивање потпис, како и за начинот на оценување.

Учеството во наставата и успешното совладување на предвидените обврски на студентите го потврдува предметниот

наставник со потпис во електронска евиденција во I-Know системот на крајот од семестарот и во индексот на студентот, кога за тоа ќе се создадат услови.

Предавањата кои се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација се реализираат во термините предвидени во распоредот на часови.

Предавањата на теоретските предмети може да се организираат со интензивирана динамика, односно вон распоредот на часови, со можност и за време на викенди.

Доколку предвидениот фонд часови за теоретските предмети се реализира пред завршетокот на семестарот, во мигот кога ќе се создадат услови за непречено одвивање на наставата, предвидените термини за истите во респоредот на часови ќе се користат за одржување настава по практичните предмети на кои нема услови за одржување настава со електронски средства за комуникација.

**Проверка на знаењата**

Член 5

Полагањето на испитите ќе се врши со примена на средства за електронска комуникација под услов да се обезбедени соодветни технички решенија кои обезбедуваат идентификација и контрола на работата на студентите за време на полагањето.

Пред секое полагање, предметниот професор ќе треба да достави информација до продеканот за настава за исполнетоста на условите, заради донесување на одлука за истото.

Ако не се исполнети условите од став 1 на овој член, испитите и колоквиумите ќе се реализираат кога ќе се создадат услови за тоа, за што одлука донесува Деканатската управа..

**Предмет на оценување**

Член 6

Оценувањето на Факултетот се спроведува со примена на средства за електронска комуникација, доколку тоа го дозволува природата на наставната содржина, за што, на предлог на соодветната катедра, одлука донесува Деканатската управа на Факултетот..

**Изработка на дипломска работа и магистерски и докторски труд**

Член 7

Роковите за изработка и поднесување на дипломска работа, како и магистерски и докторски труд, се запираат и не течат додека траат мерките.

**Одбрана на дипломска работа и магистерски труд**

Член 8

Одбраната на дипломска работа и магистерски труд може да се врши со примена на видеоконференциска платформа под услов да се обезбедени соодветни технички решенија кои обезбедуваат идентификација и контрола на работата на студентите за време на полагањето.

На барање на студентот, Факултетот може да дозволи одбраната на дипломска работа и магистерски труд да се одложи до создавање на услови за нивно нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на дипломска работа и магистерски труд пред воведувањето на мерките, се продолжува за исто толку време колку што ќе траат вонредните мерки на Владата на Република Македонија а се започнати на 11.03.2020 година ( Известување за постапување бр. 14-3812/1 од 11.3.2020 година од Министерството за образование.

**Докторски студии**

Член 9

Предавањата, семинарите и другите обврски согласно член 28 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот, ќе се организираат согласно Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489/2020)

На барање на студентот, единицата може да дозволи одбраната на докторски труд да се одложи до создавање на услови за нејзино нормално одвивање. Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на докторски труд пред воведувањето на мерките, се продолжува за исто толку време колку што ќе траат вонредните мерки на Владата на Република Македонија а се започнати на 11.03.2020 година ( Известување за постапување бр. 14-3812/1 од 11.3.2020 година од Министерството за образование.

**Одржување седници на органите на Факултетот**

Член 10

Седниците на органите на Факултетот ќе се одржуваат со примена на средствата за електронска комуникација од член 2 од оваа Одлука.

На седниците од став 1 на овој член не може да се гласа за точки за кои е предвидено тајно гласање.

**Работа на домашни и во меѓународни проекти**

Член 11

Работата на домашни и во меѓународни проекти може да се врши доколку таа не е во спротивност со мерките како и согласно Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489/2020),

Доколку видот на работата го дозволува тоа, таа може да се одвива со примена на средствата за електронска комуникација од член 2 од оваа Одлука

**Работа на стручните и административни служби**

Член 12

Вработените на Факултетот по правило, ќе работат од дома. Работните задачи кои не можат да се извршуваат од дома, ќе се извршуваат со доаѓање на работа, почитувајќи ги мерките. Контактите со странки треба да бидат сведени на минимум и да се применуваат

мерките за заштита (соодветно растојание, употреба на маски, средства за дезинфекција и др.).

Факултетот ќе овозможи електронско пријавување на испити.

За регулирањето на семестри, поднесување и одговарање на барања, молби и сл., издавање потврди и други услуги за потребите на студентите, ќе се организира Службата за студентски прашања, во зависност од потребите.

**Други дејности**

Член 13

Другите дејности кои не можат да се реализираат со примена на средствата за електронска комуникација од член 2 од оваа Одлука, се одложуваат до создавањето на услови за нивно нормално одвивање.

**Важење на оваа Одлука**

Член 14

Оваа Одлука се применува додека траат мерките. Во случај на воведување построги мерки, ќе се донесуваат соодветни мерки и правила на постапување.

**Влегување во сила**

Член 15

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното усвојување на Деканатската управа на Факултетот.

**Д е к а н,**

**Проф. м-р Мими Таневска Србиновска**

Доставено до:
- архива
-до сите вработени на Факултетот ( електронски)